Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеи 10 и 13[1] и член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/2015) и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, Здружение на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје, арх.бр.08-1432/1 од 26.03.2024 г. со дополнување арх.бр.08-1432/4 од 08.07.2024 г. за донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, согласно Известувањето од Агенцијата за електронски комуникации, арх.бр.0805-2033/2 од 26.07.2024 г. (наш арх.бр.08-2797/4 од 01.08.2024 г.) и Заклучокот на Советот, арх.бр.02-3384/3 од 07.08.2024 г. од 32-та седница одржана на 07.08.2024 г., ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Здружение на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје, арх.бр.08-1432/1 од 26.03.2024 г. со дополнување арх.бр.08-1432/4 од 08.07.2024 г. за донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје, односно дека за сервисната зона – Град Скопје нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 26.03.2024 г., доставено е Писменото барање од заинтересирана страна, Здружение на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје (во понатамошниот текст: заинтересирана страна), арх.бр.08-1432/1 од 26.03.2024 г. за донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје.

По поднесување на предметното барање, со оглед на фактот дека се распишаа избори за претседател на Република Северна Македонија (РСМ) и за пратеници во Собранието на РСМ во 2024 г.[2], а имајќи предвид дека барањето се однесуваше за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис преку ограничен природен ресурс – радиофреквенција, Агенцијата со Допис - Известување по повод доставено барање, арх.бр.08-1432/2 од 28.03.2024 г., го извести подносителот на барањето дека постапката по однос на предметното барање ќе продолжи во согласност со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), по завршување на изборот на претседател на РСМ, изборот на пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024 г., согласно со резултатите од изборите. Предметното известување беше примено од подносителот на барањето на 15.04.2024 г.

Со оглед дека согласно заклучоците од Државната изборна комисија, арх.бр.08-2163/1 г. од 11.05.2024 г. и арх.бр.10-3082/1 од 30.05.2024 г. и Одлуката за избор на Владата на РСМ, арх.бр.08-3127/1 од 23.06.2024 г. („Службен весник на РСМ“ бр.132/24), Претседателските и Парламентарните избори во РСМ во 2024 г. беа официјално завршени, со завршувањето на изборниот процес се создадоа услови за продолжување на постапката, при што Агенцијата на 24.06.2024 г. со допис – Барање за изјаснување, наш арх.бр.08-1432/3, побара од подносителот на барањето, како заинтересирана страна во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на дописот да се изјасни дали сѐ уште се заинтересирани за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, кој допис беше примен од страна на БАЈКЕРС ГАРАЖ на 03.07.2024 г. На 08.07.2024 г., на официјалната електронска адреса на Агенцијата: contact@avmu.mk, од заинтересираната страна беше доставено Изјаснување по барање (наш арх.бр.08-1432/4 од 08.07.2024 г), дека сѐ уште се заинтересирани за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје.

Во врска со предметното барање од заинтересираната страна, а со цел да добие информација дали согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенции има слободна радиофреквенција за радио емитување на регионално ниво во подрачјето на градот Скопје, Агенцијата на 02.07.2024 г., со Допис – Барање информација (арх.бр. 08-2797/3) се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).

На 01.08.2024 г., АЕК до Агенцијата достави Известување во врска со барањето информација, арх.бр.0805-2033/2 од 26.07.2024 г., наш арх.бр.08-2797/4 од 01.08.2024 г., дека стручните служби на АЕК извршиле анализа на постоечките доделби во бараните зони, софтверска пресметка на радиопростирањето, а воедно биле извршени и мерења во регионот на градот Скопје и врз основа на добиените резултати информираат дека за сервисна зона – град Скопје нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Согласно член 70 став 2 од ЗАВМУ, доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободни радиофреквенции, Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето од заинтересирана страна, ќе донесе одлука со која истото ќе го одбие.

Согласно член 92 став 1 од Законот за општа управна постапка кога со закон е определено управен акт да донесува еден јавен орган по претходна согласност, потврда, одобрение или мислење од друг јавен орган, управниот акт се донесува откако другиот јавен орган дал согласност. Јавниот орган што донесува управен акт е должен во својот управен акт да го наведе актот со кој другиот јавен орган дал или одбил согласност.

---

[2] На 14 февруари 2024 г., Претседателот на Собранието на РСМ донесе Решение за распишување избор за претседател на РСМ, арх.бр.09-1168/1 и Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на РСМ, арх.бр.09-1169/1, двете од 14.02.2024 г. („Службен Весник на РСМ“ бр.37/24), со кои беше утврдено дека изборите ќе се одржат на 24 април и на 8 мај 2024 г.

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеи 10 и 13[3] и член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 92 од Законот за општата управна постапка, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, Здружение на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје, арх.бр.08-1432/1 од 26.03.2024 г. со дополнување арх.бр.08-1432/4 од 08.07.2024 г. за донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, согласно Известувањето арх.бр.0805-2033/2 од 26.07.2024 г. (наш арх.бр.08-2797/4 од 01.08.2024 г.) доставено од АЕК и Заклучокот на Советот, арх.бр.02-3384/3 од 07.08.2024 г. од 32-та седница одржана на 07.08.2024 г., донесе одлука истото да се одбие, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје, односно дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Здружение на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје;
- Претседателот на Здружението на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје;
- Директорот на Агенцијата;
- сите организациони единици/сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).

[3] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).